Врз основа на член 36 став1 точка 1 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 15 став 1 точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип) 4/2005, 25/2014,14/2019 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип му предлага на Советот да ја усвои следната:

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2024 ГОДИНА

Со законот за еднакви можности се уредува воспоставувањето на еднаквите можности и еднаквиот третман на жените и мажите, основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, правата и обврските на одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности на жените и мажите. Целта на овој закон е воспоставување на еднакви можности помеѓу мажите и жените во политичката , економската , социјалната , образовната културната, здравствената , граѓанската област од општествениот живот.

Општина Пробиштип и Комисијата за еднакви можности (КЕМ) ќе работат на унапредување на состојбата на жените на локално ниво на реализирање на стратешките цели на Законот за еднакви можности на жените и мажите и на вклучување на родовиот концепт во програмите во секоја област.

Општина Пробиштип и Женска граѓанска иницијатива АНТИКО, Скопје, (ЖГИ АНТИКО) потпишаа Меморандум за соработка и дадоа стручна поддршка преку ангажирање на надворешен експерт, кој го фацилитираше партиципативниот процес на развивање на Стратегија (2020-2024) во рамки на проектот „ГО-Промотори на дијалог, акција, креирање локални политики“ финансиски поддржан од програмата Цивика Мобилитас. Целта на остварената соработка е давање на заеднички придонес во промовирањето и унапредувањето на родовата рамноправност и подеднаквата вклученост на родовите-половите во креирањето на јавните политики, размената на информации и најдобрите практики во процесот на создавање на еднакви можности за жените и мажите во заедницата.

Општина Пробиштип врз основа на добиената менторска поддршка од мтсп во насока на имплементирање на законската регулатива и стратешките документи на Владата на РСМ., како што е Законот за еднакви можности на Мажите и жените и Стратегијата за родова се помогна на општинската администрација во креирање на политики со вклучување на родовата перспектива во локалните политики во општина Пробиштип. За реализација општина Пробиштип беше формирана работна група за изработка на ЛАП. Изготвен е тригодишен акциски план за родова еднаквост во општина Пробиштип за период 2022-2024 година.

Во програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година ги предвидуваме следните мерки и активности кои се дел од тригодишниот акциски план за родова еднаквост и стратегијата за родова еднаквост, а ќе се реализират од страна на граѓанските организации со седиште во општина Пробиштип и граѓански организации кои се регистрирани надвор од Пробиштип но активностите што ќе ги предложат цена група да бидат жителите од општина Пробиштип.

Во оваа програмата за 2024 година предвидуваме финансиски средства од 150.000,00ден.кои ќе бидат распределени за следните мерки и активности:

| Р.б | Специфична цел | Буџет | Мерка | Активности |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вклучување на родова перспектива во здравство | 50.000,00 ден | Подигнување на свеста за водење грижа за сексуално и репродуктивно здравје | Вклучување на едукација за сексуално и репродуктивно здравје<br><br>Јавни трибини, работилници |
| | | | Подигнување на свеста за водење грижа за женско и машко здравје | Спроведување на кампања, одбележување на значајни датуми за подигнување на свеста |
| | | | | Работилници за превенција на машки и женски болести |
| 2. | Вклучување на родова перспектива во образованието | 50.000,00 ден | Креирање на услови за управување со менструална хигиена | Едукативни активности и предавања во училишта за важноста и грижата за менструална хигиена |
| 3. | | 50.000,00 ден | Превенција и спречување на врсничко насилство (булинг ) | Едукативни активности и предавања, кампањи и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Промоција на еднаквост меѓу младите | | Превенција од насилство врз жени и девојчиња и семејно насилство | одбележување значајни датуми |
| | ВКУПНО | 150.000,00ден | / | / |

За реализација на предложените активности Општина Пробиштип ќе објави јавен повик на почетокот на годината до сите заинтересирани регистрирани граѓански здруженија и фондации кои преку својата работа придонесуваат за развојот на локалната заедница во делот на родовата рамноправност да се пријават со предлог активности кои ќе ги реализираат во 2024 година. На јавниот повик предност ќе се даде на граѓански здруженија од општина Пробиштип но може да се пријават и граѓански здруженија и фондации од Република Северна Македонија со предлог активности за реализација во општина Пробиштип и целна група да бидат жителите на општина Пробиштип.

Пристигнатите предлог активности ќе ги разгледуваат членовите на комисијата за еднакви можности на жените и мажите, координаторот и заменик координаторот за еднакви можности и ќе ги распределат предвидените финансиски средства на пријавените граѓанските организации за реализација на активностите во општина Пробиштип

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Број 26-1097/30
17.11.2023 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов